

# ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ:

# ПРАВО НА ПРАВНА ПОМОШ И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Horizontal Facility for Western Balkans and Turkey

Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe

open gate

La Strada
MACEDONIA

## БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Трговијата со луѓе е широко препознаена како сериозно кривично дело и повреда на човековите права и како таква е дефинирана во меѓународното и домашното право. Трговијата со луѓе е форма на модерно ропство на денешницата. Кривичното дело е сторено кога трговецот со луѓе употребува, на пример, насилство, измама, или принуда за контрола на друго лице за цел, на пример, нејзино/негово вклучување во сексуални активности за профит или за вработување, или за пружање на услуга. Трговијата со луѓе може да вклучи, но не е задолжително, префрлање на друга локација. Лицата може да се сметаат за жртви на трговија со луѓе без оглед дали се експлоатирани во нивниот град на живеење, дали биле транспортирани со цел нивна експлоатација, дали претходно се согласиле да работат за трговец со луѓе, дали учествувале во извршувањето на кривичното дело како директна последица од трговијата со нив, или дали се случила нивната експлоатација. Дете ќе се смета за жртва на трговијата со луѓе без оглед дали некои средства од наброените (насилство, измама, злоупотреба на позицијата на ранливост, итн.) биле употребени за да се регрутира детето со цел негова експлоатација.

*„Ана беше намамена во синџирот на трговија со луѓе преку лажно ветување за работа во ресторан. Таа беше сексуално искористувана една година без можност да избега од трговците со луѓе. Ана беше спасена во рација на полицијата. Таа беше вклучена во програма за социјална помош, сместена на сигурно место и ѝ беше обезбедена психосоцијална и медицинска поддршка. Ана учествуваше во судската постапка како оштетена страна/сведок. Ѝ беше обезбедена бесплатна правна помош од адвокат кој ја застапуваше во судот и бараше надомест на штета за нејзините страдања. На крајот од судската постапка трговците со луѓе беа осудени, а барањето на Ана за надомест на штета во износ од 6.500 евра беше одобрено од судот.“*

### КАКО ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ИМАТЕ ПРАВО НА СЛЕДНИВЕ ПРАВА:

- пристап до бесплатна правна помош како жртва, оштетена страна или сведок;
- заштита и информации од полицијата, обвинителството и од судските органи за вашите права и обврски, забележани во писмена форма;
- информации за вашите права во судска постапка;
- право на период за донесување одлука;
- право на барање за надомест на штета за нанесените повреди;
- право на старател ако сте дете-жртва;
- право на преведувач ако сте странски државјанин и не го разбирате јазикот;
- право на дозвола за привремен престој;
- право на барање азил;
- право на приватност и безбедност;
- други права наменети да ја обезбедат вашата ментална и физичка благосостојба.

## БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- Вклучени сте во програми за заштита на жртви на трговија со луѓе што ги спроведуваат НВО-ата, за која треба да се обратите до полицијата, Министерството за труд и социјална политика - Националниот механизам за упатување (НМУ), Центарот за социјална работа или до НВО Отворена порта.
- Барате бесплатна правна помош преку регионалните одделенија на Министерството за правда или преку овластените здруженија на граѓани (видете на крајот од брошурата), преку кои ќе ви биде доделен адвокат.
- Адвокатот ќе ви ја објасни постапката за заштита на вашите права. Адвокатот треба да ја слушне вашата приказна во детали затоа што тој ќе ве застапува пред надлежните тела, ќе ве информира за текот на постапката и ќе ги брани вашите интереси.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Жртвите на трговија со луѓе се изложени на тешки кршења на нивните човекови права. Освен тешка физичка и психолошка траума,

може да претрпите и економска загуба поради кривичните дела кои биле извршени врз вас во вид загуба на плати или на имот. Како жртва на трговија со луѓе **вие имате право да барате правичен надомест од сторителите на кривичното дело за материјална и за нематеријална штета.**

- **Материјална штета** - Ги вклучува сите трошоци за здравствена заштита, прегледи и испитувања, превоз, штета на вашиот имот и загубена заработувачка (ако не сте биле во можност да заработувате или ако губите доход од други активности).
- **Нематеријална штета** - Вклучува претрпена физичка и ментална болка, страв, сериозен инвалидитет, намалена работна способност (идна нематеријална штета).

### ВО КРИВИЧНА И ВО ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА:

## КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ СТОРИТЕЛОТ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Постапката служи да се соберат цврсти докази за кривично гонење и за казнување на сторителите на кривичното дело трговија со луѓе. Имате право сами или преку адвокат да:

- Барате преземање одредени активности во текот на истрагата и на судење за да ги остварите своите права;
- Присуствувате на судењето, да предлагате докази, да ја раскажете својата приказна и да барате надомест на штета;
- Барате да бидете заштитени од јавноста, медиумите и од сторителот/ите. Имате право на приватност и безбедност како жртва на трговија со луѓе.

### АКО СТЕ ДЕТЕ-ЖРТВА (НА ВОЗРАСТ ПОД 18 ГОДИНИ):

- Ќе бидете вклучени во програма за заштита на сведоци откако вашиот родител/старател ќе даде писмена согласност и ќе добиете бесплатна правна помош и заштита;
- Полицијата ќе ве заштити вас и вашето семејство од натамошно вознемирување и страдање;
- Надлежните органи мора да постапуваат со вас со особена грижа и да ја штитат вашата приватност;
- Ќе ја добиете неопходната помош и поддршка од Центарот за социјална работа и од НВО;
- Вие и вашите родители/старатели ќе бидете информирани за кривичното гонење и за постапката и ќе може да учествувате како оштетена страна или да го остварите вашето право за надомест на штета.

## ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА

Тужба за материјална и за нематеријална штета може да се достави лично или преку овластен полномошник. По главната расправа, на која имате право да присуствувате, судот ќе донесе одлука да додели надомест на штета, ако барањето е добро објаснето и поткрепено со документи и со факти. Ако судот не додели надомест на штета или ако сумата не е доволна, имате право да се жалите до Апелациониот суд во рок од 15 дена преку ополномоштен адвокат.

## ИЗВРШНА ПОСТАПКА

Откако сте добиле правосилна (кривична или граѓанска) пресуда со износот на надомест на штета, може да ја наплатите определената сума.

- Ако сте на возраст над 18 години, лично или со помош на правен застапник, може да ангажирате извршител кој ќе го наплати доделеното обесштетување од сторителот/ите.
- Ако сте на возраст под 18 години, вашиот родител, старател или доделен адвокат може да поведе постапка пред извршител за да го утврди имотот на осуденото лице/а. Ако сторителот/ите на кривичното дело немаат (доволно) имот или средства од кои може да се наплати обесштетувањето, барањето за потврдување на основите за обесштетување се поднесува до надлежниот суд. Откако судот ќе донесе одлука, постои можност Министерството за правда да ја одобри исплатата на обесштетувањето.

### ЗА ДА ГИ ЗАШТИТИТЕ ВАШИТЕ ПРАВА

Може да поднесете и барање до Европскиот суд за човекови права ако се исцрпени сите други правни лекови во рамките на домашниот правен систем.

# КОНТАКТИ СО НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДАВАЊЕ ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ:

- **Министерство за труд и социјална политика - Национален механизам за упатување,**
  телефон: 2 310 6443,
  моб.: 076 456 795; 075 311 726
- **Полиција:** 192
- **Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе – Отворена порта,**
  Бесплатна СОС-линија:
  0800 11 111; 02 27 00 107
  www.lastrada.org.mk;
  е-адреса: lastrada@lastrada.org.mk
- **Народен правобранител,**
  ул. „Македонија“ бр. 19
  телефон: 2 312 9335; 02 2 312 9359;
  е-адреса: contact@ombudsman.mk
  Интернет-страница:
  http://pristapdopravda.mk/bpp/

# СПИСОК НА ОРГАНИЗАЦИИ ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- **Македонско здружение на млади правници – Скопје**
  ул. „Златко Шнајдер“ бр. 4а-1/3, Скопје
  Лице за контакт: Елена Георгиевска
  Телефон: 02/3220-870
  е-адреса: contact@myla.org.mk;
  www.myla.org.mk
- **Национален ромски центар – Куманово**
  ул. „Доне Божинов“ бр. 11/5, Куманово
  Лице за контакт: Оливер Митов, дипл. правник
  Телефон: 031/427-558
  е-адреса: info@nationalromacentrum.org
  интернет-страница: www.nationalromacentrum.org
- **Едукативно-хуманитарна организација ЕХО – Штип,**
  ул. „Христијан Т. Карпош“ бр. 6/4, Штип
  Лице за контакт: Благица Киров, дипл. правник
  Телефон: 032/384-143
  е-адреса: ed_hum_eho@yahoo.com
  интернет-страница: www.eho-org.mk



# ЗА ОТВОРЕНА ПОРТА

*Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе – „Отворена порта/Ла страда“ е национална невладина организација која е целосно посветена на борбата против трговија со луѓе. Од основањето во 2000 година, Отворена порта сеопфатно го третира проблемот на трговијата со луѓе и активно учествува во градењето политики и стратегии со цел намалување на бројот на жртвите на трговијата со луѓе и обезбедување подобар третман на жртвите. Отворена порта управува со засолниште во кое се згрижуваат жртвите на трговија со луѓе и им дава услуги на жртвите за успешна реинтеграција; им дава информации за проблемот со трговијата со луѓе и за начините за спречување преку телефонската СОС-линија што е бесплатна за оние што повикуваат од земјата.*

Брошурата нема намена на правен совет и не ја заменува потребата од барање на правен совет.

Брошурата е изработена со заеднички средства од Европската Унија и Советот на Европа.
На ниеден начин не може да се смета дека гледиштата изразени во истата го одразуваат мислењето на Советот на Европа или на Европската Унија.

Horizontal Facility for Western Balkans and Turkey

Funded by the European Union and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

open gate

La Strada MACEDONIA